ДУШКО

Република Северна Македонија
Министерство за животна средина
и просторно планирање

Republika e Maqedonisë së Veriut
Ministria e Mjedisit Jetësor
dhe Planifikimit Hapësinor

СЕКТОР ЗА ПРАВНИ И ОПШТИ РАБОТИ

Арх.бр.УПП-12/2021

Дата. 21. 05 - 2021

До:Информативен центар

Предмет: Известување

Почитувани,

Во врска со претставката доставена до Министерството за животна средина и просторно планирање заведена под архивски број УПП-12/2021 на ден 26.04..2021 година од страна на група граѓани на Град Скопје – сопственици на станови и деловен простор на булевар „Кочо Рацин" бр. 14 и кулите на булевар „Кочо Рацин" бр.18 (Б-20), бр.8 (Б-15), 26 (Б-18), 28 (Б- 17) и Б-13, Ве замолуваме да го објавите исходот од конечниот исход на постапувањето по претставката од страна на Министерството за животна средина и просторно планирање на веб страната на МЖСПП со цел јавноста да има увид во истото.

**Изработил:** Виш соработник за постапување по претставки и предлози
Анета Михајловска

**Контролирал:** Раководител на Сектор за правни и општи работи
Билјана Тешева Георгиевска



Министерство за животна срединаи просторно планирањенаРепублика Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица" бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија

Ministria e MjedisitJetësordhePlanifikimithapësinore
Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. "PresvetaBogorodica" nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk

Република Северна Македонија

**Министерство за животна средина и просторно планирање**

Republika e Maqedonisë së Veriut

**Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit Hapësinor**

СЕКТОР ЗА ПРАВНИ И ОПШТИ РАБОТИ

Арх.бр.УПП 12/2021

Дата. 21-05-2021

**Предмет:** Одговор на претставка со арх.бр.УПП-12/2021 на група граѓани на Град Скопје – сопственици на станови и деловен простор на булевар „Кочо Рацин" бр. 14 и кулите на булевар „Кочо Рацин" бр.18 (Б-20), бр.8 (Б-15), 26 (Б-18), 28 (Б- 17) и Б-13.

Претставка заведена под архивски број УПП-12/2021 доставена од група граѓани на Град Скопје – сопственици на станови и деловен простор на булевар „Кочо Рацин" бр. 14 и кулите на булевар „Кочо Рацин" бр.18 (Б-20), бр.8 (Б-15), 26 (Б-18), 28 (Б- 17) и Б-13. На ден 26.04.2021 година во врска со пријава за статусот на парцелата меѓу хотелот„ Холидеј Ин" и булеварот „Кочо Рацин" во центарот на градот, Ново маало **според ДУП-от „Градска четврт Ц 08 – Ново Маало 2"** за најавените планови за изградба на споменатата локација во самиот центар на град Скопје на простор како современ микропростор со соодветни инфраструкторни и урбани содржини кој постои 45 години (од 1976 година).

Врз основа на извршеното проследување со Барање на мислење од страна на Секторот за правни и општи работи до Секторот за просторно планирање на Министерството за животна средина и просторно планирање, Секторот за просторно планирање се произнесе на ден 11.05.2021 со следното образложено мислење:

- областа на урбанистичкото планирање не е надлежност на Министерството за животна средина и просторно планирање, туку на Општината на чие подрачје се наоѓа урбанистичкиот план и Град Скопје, врз основа на Законот за Град Скопје, бидејќи сите урбанистички планови во рамките на Генералниот урнанистички план на Град Скопје треба да бидат усогласени со плановите од повисок ранг, а во случајов тоа е Генералниот урбанистички план на Град Скопје.
- Врз основа на Законот за урбанистичко планирање и Минисерството за транспорт и врски има надлежности во урбанистичкото планирање, не само во контролата на законската постапка за донесување на урбанистички планови туку и во контролата на нивната содржина.
- Од дописот на Генералниот секретар, г.Миле Бошњаковски во кој како прилог е доставена и претставката на загрижените граѓани од околните згради на предметната урбанистичка локација јасно се гледа дека истата е доставена до сите надлежни институции кои се погоренаведени, а тоа се Градоначалникот на Град Скопје, Градоначалникот на Општина Центар и Министерството за транспорт и врски.

**Изработил:** Анета Михајловска Михајловска

**Контролирал:** Билјана Тешева Горгиевска



Министерство за животна срединаи просторно планирањенаРепублика Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица" бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија

Ministria e MjedisitJetësordhePlanifikimithapësinore
Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. "PresvetaBogorodica" nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk